**Известување за приватност на интернет вработување**

Ви благодариме за посетата на нашата интернет страница Nestlé Careers. Нестле го почитува вашето право на приватност, кога ја користите нашата интернет страница и комуницирате електронски со нас. Известувањето за приватност на интернет вработување („**Известувањето**") ги опишува видовите лични податоци, кои може да ги прибира Нестле и нејзините подружници (заедно „**Нестле** или „**ние**"), како може да ги употребиме овие податоци, со кого може да ги споделите овие информации и избирања, кои може да ги прифатите зависно од нашата употреба на овие информации. Известувањето нема договорна природа и не претставува дел од каков било договор за вработување или понуда.

Информациите, кои ве идентификуваат, или од кои сте препознатливи (вашите „**лични податоци**"), може да ги обработува Нестле (или во негово име), преку услугата на интернет вработување, за вработување и слични цели. Ги воведовме потребните технички и организациски мерки, со кои ги заштитивме вашите лични податоци.

Сите лични податоци, кои ги поседуваме, вклучително и сензитивните податоци, се чуваат и обработуваат согласно важечките закони за заштита на податоци и политиката на приватност на Групацијата Нестле.

Управувачот на личните податоци во вашата држава е локалното друштво Нестле. Ве молиме, имајте предвид, дека Нестле С.А. од 1800 Вевеи, Швајцарија ги обработува и вашите податоци за целите на користење преку услугата на интернет вработувањето.

Доколку имате било какви барања или прашања во врска со вашите лични податоци или остварувањето на своите права согласно важечките закони за заштита на податоци, обратете во локалното друштво Несте во вашата држава на постојан престој human.resources@mk.nestle.com или по барање контактирајте на dataprotectionoffice@nestle.com или пак со Бирото за заштита на податоците Nestlé SA Tel: S.A Tel: +41 21 924 2000.

**Подрачје на употреба на известувањето**

Известувањето важи за сите Нестле субјекти и трети лица, кои ги обработуваат вашите лични податоци во врска со вашата пријава за вработување.

**Важечко право**

Известувањето го определува минималниот стандард за заштита на вашите лични податоци во целиот свет. Нестле признава дека важечките закони во некои судски власти може да бараат и построги стандарди од оние, опишани во ова известување. Нестле ќе ги обработува вашите лични податоци согласно сите важечки закони и прописи. Кога важечките закони и прописи обезбедуваат пониско ниво на заштита на вашите лични податоци од она, кое го определува известувањето, покрај овие закони и прописи ќе важат и барањата од известувањето.

**Собирање на лични податоци**

За целите на услугата интернет вработување собираме само лични податоци, кои ни вие ни ги доставувате, или кои ни се потребни за да ви ја обезбедиме услугата интернет вработување. Може да ни испратите **непосредни** лични податоци (на пример вашето име, адреса, е-меил и податоци за вработување). Може да доставите и **посредни** лични податоци (на пример колачиња, линкови и системски информации), како би можеле да пребарувате по нашите интернет страници и да комуницирате електронски со нас. На оваа интернет страница може да прикачите документи, како што се мотивациони писма, биографии и извештаи. Ве молиме да не испраќате сензитивни лични податоци (нпр. Здравствени информации, вери, политички преференции итн.) како дел од вашата пријава, освен доколку истото посебно не го бараме.

**Категории на лични податоци**

Видовите лични податоци, кои ги обработуваме во врска со вашата пријава, вклучуваат:

- хронологија на образованието;
- хронологија на вработувања,
- детали за надоместокот;
- препораки, повратни информации и сите други детали за претходните работодавачи и / или други лица, кои сте ги замолиле за контакт;
- податоци за контакт (нпр. ваше име, адреса, е-маил и телефонски број);
- претходни адреси и / или сите претходни имиња, кои можеби сте ги употребувале;
- дополнителни информации, кои може да ги доставите (нпр. мотивационо писмо);
- сите други информации, кои можеби се потребни во врска со вашата пријава (нпр. јазични нагодувања).

**Цел на обработките**

Вашите лични податоци, може да се обработуваат за следниве цели:

- обработка на вашето барање за вработување;
- утврдување, дали би биле соодветни за други места, кои се на располагање во рамки на групацијата Нестле;
- креирање и одржување на евиденциите на вработувања;
- спроведување истраги во позадина, кога истото го дозволува важечкото законодавство.
- извршување на други обработувачки дејности, кои ги бара важечкото законодавство или ги дозволува;
- цели на известување (нпр. време за обработка на пријавите)
- било какви други цели, определени во сите обрасци, кои ќе ги пополните; и
- доколку вашето барање биде успешно, вашите лични податоци може да се обработуваат во врска со вашиот работен однос со друштвото Нестле, почитувајќи ги условите во вашиот договор за вработување.

Вработените во Нестле во целиот свет би можеле да ги видат вашите лични податоци, кои се обработуваат во врска со вашата пријава. Доколку претпријатието Нестле ги обработува вашите лични податоци за целите, кои ги надминуваат целите, опишани во известувањето, лицето, одговорно за новата цел, ќе осигури дека:

(a) новата цел е во согласност со одредбите од ова известување;
(b) сте известени за: (i) новата цел на обработка на вашите лични податоци; и (ii) примателите или категориите приматели на личните податоци; и
(c) во обемот, којшто го бара важечкото законодавство, вашата согласност е добиена пред почетокот каква било обработка на вашите лични податоци за секоја ваква цел.

Вашите лични податоци може да се употребуваат и за управување, поддршка и повратни информации за нивото на нашите услуги, како и да се спречи кршењето на безбедноста, законот или нашите договорни услови..

**Откривање на лични податоци**

Нестле може да им ги открие вашите лични податоци на другите друштва во рамки на групацијата Нестле. Вашите лични податоци може да им ги откриеме и на трети лица (на пример на провајдери на интернет услуги), кои ни помагаат во управувањето со оваа интернет место или ни помагаат при нашата интернет постапка за вработување. Некои од овие трети лица се наоѓаат надвор од кои сте пристапувале до оваа интернет страница. Нестле постојано бара овие трети странки да соодветно ниво на заштита на вашите лични податоци. Правните договори ги обврзуваат посебно да ги чуваат вашите лични податоци и да ги обработуваат вашите лични податоци само согласно посебните упатства дадени од претпријатието Нестле.

Исто така вашите лични податоци може да ги откриеме:

- на која било странка, како што бара, или дозволува важечкото законодавство;

- на трети лица, со кои ќе контактираме во врска со вашата моментно и / или претходно вработување или работа, за да добиеме повратни информации; и
- на идниот купувач, доколку очекуваме продажба на сите или на соодветен дел од нашето работење.

**Чување на лични податоци**

Нестле ќе ги задржи вашите лични податоци онолку долго, колку што е разумно потребно за вашата пријава за вработување, имајќи ја предвид потребата за одговор на прашањата или решавање на проблемите, притоа почитувајќи ги важечките закони. Согласно посебните барања за чување, одредени во долниот дел на посебната уредба, вашите лични податоци може да ги чуваме најмногу две години за да можеме да стапиме во контакт со вас, доколку во иднина се отвори соодветно работно место. Доколку не сакате да бидете земени предвид при идните можности за вработување, вашите лични податоци ќе ги избришеме на ваше барање.
Некои наши интернет страници може да ви овозможат да ја споделите објавата на работните места со друго лице преку социјалните мрежи или по електронска пошта. За оваа функција би морале да ја добиеме вашата е-маил адреса и електронските податоци за контакт на оние лица, на кои ќе им ја испратите интернет страницата. Пред да му ги доставите на Нестле електронските информации за контакт со другите лица, ве молиме да добиете согласност за истото. Електронските податоци за контакт, собрани на овој начин, нема да се употребуваат за ниедна друга цел освен за пополнување на вашето барање.

**Меѓународни преноси на лични податоци**

Нестле е глобално претпријатие, кое го користи интернетот за собирање и обработка на вашите лични податоци. Ова се разбира вклучува обработка и пренос на лични податоци преку граница.

Вашите лични податоци може да ги пренесеме во судските власти, кои не се судска власт, на која се базирате, сепак ова ќе го направиме само за целите, опишани во известувањето. Кога вашите лични податоци ќе ги пренесеме во други судски власти, истото ќе го направиме согласно важечкиот закон.

**Ваши права**

Кандидатскиот профил може кога било да го промените или исклучите. Согласно важечкиот закон ги имате и следниве права:

- право да побарате пристап до вашите лични податоци или копии од лични податоци, кои ги обработува Нестле или во име на Нестле;
- право да побарате информации за потеклото на вашите лични податоци, доколку овие лични податоци не биле собрани непосредно од вас;
- право да побарате поправка на можни грешки во вашите лични податоци
  право на приговор, врз основа на законски причини, во врска со обработката на вашите податоци;
- право да побарате информации за постоење и објаснување на логиката, која е вклучена во значењето и можните предвидени последици од секоја автоматизирана обработка на вашите лични податоци, која има правно дејство или значително влијание врз вас.;
- право да побарате вашите лични податоци да се избришат или пак обработката на вашите лични податоци да биде ограничена на одредени ограничени цели:
- право на жалба во поглед на обработката на вашите лични податоци до органот за заштита на податоци.

Кое било од овие права може да го остварите, доколку истото ви е овозможено согласно важечкото законодавство, при што треба да ги употребите податоците за контакт, наведени погоре во известувањето, и/или стапете во контакт со друштвото Нестле во вашата држава на постојан престој. Ова не влијае врз вашите законски права. Вашата одлука да остварите некое од овие права нема да влијае врз вашата пријава и нема да повлече никакви санкции или казни..

**ВЕВЕИ, Март 2017**

Data
Protection
Office

Copyright © 2017 Société des Produits Nestlé S.A.